# ХИДРОФАС-3

*Декоративен малтер, со зарибана структура, изработен врз основа на акрилатна емулзија како врзно средство*

## Област на примена:

За завршна декоративна обработка на внатрешни и надворешни фасадни, ѕидни површини.(малтер, бетон, експандиран полистирен, префабрикувани градежни елементи)

## Својства:

- еднокомпонентна пастозна смеса;
- отпорен на мраз;
- поседува висока еластичност;
- водонепропустлив е, а паропропустлив
- едноставен е за нанесување;
- се произведува во повеќе нијанси;
- одлична адхезија за подлогата;
- одлични јакости на свиткување;
- еколошки производ;

## Технички карактеристики:

| | |
|---|---|
| Волуменска тежина: | 1,3 - 1,5 гр/см$^3$ |
| Содржина на сува материја: | 82±1% |
| Време на врзување на аплициран материјал: | 40-60 мин. |
| Време на зацврснување на аплициран материјал: | 3-4 часа |
| pH: | 8-10 |

## Подготовка на подлогата:

Малтерот или бетонот врз кој треба да се нанесе Хидрофас-3 треба да е изведен најмалку 14-28 дена порано. Површината треба да е цврста, чиста, обезмастена, рамна и сува. Пред нанесувањето на декоративниот малтер, со четка се нанесува претпремаз Прајмер В.

## Вградување:

Масата на Хидрофас-3 пред употреба се промешува до потполна хомогенизација. Се нанесува со рамна метална глетарка, во слој со дебелина од 2 мм. Веднаш потоа, малтерот се обработува (зарибува) со пластична глетарка, во правец по желба, со што се добива бараната зарибана текстура. Температурата на која се изведуваат работите треба да биде во граници од +10°C до +35°C. Обработените површини треба да бидат заштитени од врнежи, силен провев и директна изложеност на сонце за период од 4ч.÷8ч. по нанесувањето на декоративниот малтер.

## Потрошувачка:

| | |
|---|---|
| Прајмер В | 0,15 до 0,25 кг/м$^2$ |
| Хидрофас -3 (2мм) | 2,80 до 3,50 кг/м$^2$ |

## Чистење:

Алатот и опремата се чистат со вода, веднаш по неговата употреба.

## Пакување:

| | |
|---|---|
| Прајмер В | пласт. канти од 5, 10 и 20 кг. |
| Хидрофас -3 | пластични канти од 20 кг. |

## Складирање:

Во оригинално пакување, на температура од 5°C до 35°C и заштитен од директно влијание на сончевите зраци. Рок на употреба: 12 месеци.

## Стандардни бои:

Адинг - стандардна тон карта / број 2

Забелешка:
Можна е изработка и во други бои, надвор од стандардната тон-карта, на посебно барање на купувачот.

ДЕКОРАТИВНИ ПРЕМАЗИ И МАЛТЕРИ

Опасност по здравјето: Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата (да се користат заштитни ракавици). Материјалот не е токсичен, но при инцидентен контакт, во случај да се контаминираат површини на кожата, истите места треба веднаш да се измијат со вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош.
Пожар: Хидрофас-3 е незапалив.
Чистење и депонирање: Чистењето неврзани остатоци од Хидрофас-3 е со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на адекватна опрема.

ADING
Новоселски пат 6б, 1000 Скопје, Р.Македонија, ading@ading.com.mk,
Тел: ++ 389 / 02 2034 840, 2034 822, Факс: ++ 389 / 02 2034 821
www.ading.com.mk